# ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ВРЕДНОСТИ НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИТЕ ЕКСКУРЗИИ НАМЕНЕТИ ЗА СТУДЕНТИТЕ

**[1]д-р Снежана Јованова Митковска**
**[2]д-р Билјана Попеска**
[1,2] Факултет за Образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**Абстракт**

Екскурзиите претставуваат значајна форма на воспитно – образован работа на сите степени на образование, вклучувајќи го и униевврзитетското образование. На овој степен на образование особено значајни за формирањето на личноста на младиот човек се екскурзиите со спортско – рекреативен карактер. Со цел да се утврди дали, колку и како се применуваат екскурзиите на универзитетите, реализиравме истражување кое имаше за цел испитување на моментната состојба која се однесуваше на изведба на различните видови на екскурзии со студентите на Факултетот за Образовни науки во Штип. Истите беа интервјуирани во однос на 5 прашања поврзани со реализациите на екскурзиите во текот на студиите. Добиените резултати укажуваат на потребата од организација на ваков тип екскурзии, но и сугерираат на формите и начините за нивна имплементација во студиските програми на наставничките факултети.

**Клучни зборови**: *екскурзии, спортско - рекреативни активности, воспитно влијание, студенти*

**Abstract**

Excursions are an important form of educational work at all level of education, including the university education as well. At this level of education, especially important for creation of the personality of young people are the excursions with sport and recreational content and characteristics. In order to determine whether, where and how often are applied the excursions in universities, we realized research aimed at examination of the current situation referred to the performance of various types of excursions with students of the Faculty of Educational Sciences in Stip. The same were interviewed in regard to 5 questions related the realization of the excursions during their studies. The results point out the need for organization of this kind of excursions and also suggest the ways and forms for their implementation in the curricula of teacher training faculties.

**Key words**: *excursions, sport-recreate activities educational impact, students*

***„Учењето не е трка за информации, но прошетка со која доаѓаме до откривање”***

*(Buchanan i Rios)*

Современото модерно образование последниве неколку години се наоѓа пред предизвикот да одговори на современите барања за напредок и развој. Севкупниот развој на личноста, поттикнување на креативните потенцијали, стекнување на т.н. „знаења за знаењата”, градењето на хуманистичките вредности се само некои од целите на современото образование. Реализацијата на наставата, наставните активности, разновидните воннаставни активности се во функција на остварување на претходно означените цели. Како еден од облиците на воспитно - образовна дејност, елемент во парадигмата на воспитно - образовната работа во училиштето, кои водат

кон  успешна реализација на поставените воспитно, образовни, функционални цели и задачи е екскурзијата.

Поимот екскурзија (лат. excursio - истрчување) означува кратко или подолго патување со научна, културна, спортска или забавна цел со задача учениците од непосредната стварност да ги запознаат предметите и појавите кои ги проучуваат во училиштето. Екскурзијата најчесто се определува како "облик на настава вон училницата и училишната зграда" [1](Полјак, според Поткоњак и Шимлеша, 1989:174), или како „своевиден облик на настава која се реализира надвор од училишниот простор заради непосредно проучување на оние наставни содржини што не можат да се демонстрираат и успешно да се толкуваат во училницата. Се одликува со мошне сложена организација"[2]. Истата претставува мост помеѓу училиштето и  физичката и социјална средина.

Во врска со примената на овој облик на воспитно - образовна дејност се среќаваат најразлични термини во зависност од сфаќањето дали истите се сметаат за составен дел на формалното образование, дел од планираниот, организиран наставен процес, дел од наставните или воннаставни активности или пак се сметаат за дел од неформалното образование затоа што често вклучуваат посети на разни институции кои се сметаат за важни институции на неформалното образование како што се пример, музеите. Сепак, неоспорен е фактот дека екскурзиите се важен фактор за поврзување на неформалното и формалното образование.

Кога зборуваме за екскурзии ги среќаваме термините: ученички, школски екскурзии, ученички излети или посети, пешачење, работа на терен, теренско истражување, теренска настава, наставно или школско патување, патување на терен, настава надвор од училницата, логорување и сл.  Кај сите нив постои согласност дека целокупната настава која се одвива надвор од училницата можеме да ја наречеме вонучилничка без оглед на времето местото и траењето. Во таа смисла се разликуваат:

*Посета* - се однесува на настава во непосредната околина на училиштето каде се обработува една наставна единица во траење од неколку минути, еден или два наставни часа. Техничката и методичката подготовка за посетата е слична на подготовката за настава во училница или во школската градина.

*Излет* - се нарекува полудневното излегување надвор од училишниот простор заради запознавање на содржината на една или повеќе наставни единици. Подготовката на излетите е технички и методички посложена од подготовката на посетите затоа што покрај мотивациската и сознајната страна содржи и рекреативен дел.

*Настава во природа* - се применува за учениците од едно одделение надвор од местото на живеење во траење од една до две недели.

*Логорувања* - посебен вид на групно заминување во природа на адаптиран простор кој има за задача реализација на програми за обука, планинарење, пливање, скијање и други спортски активности кои се составен дел на т.н. спортско рекреативни активности кои бараат посебна подготовка на учениците, посебни адаптирани услови, како и повеќедневен претстој на учениците во природа.

Методичарите, наставниците, практичарите користат различни терминологија при означување на екскурзиите. Некои го употребуваат називот метод на работа, други облик на работа, трети како настава надвор од училницата во која се употребуваат различни методи и облици на работа.

***Целта на екскурзиите*** е истите да овозможат совладување и усвојување на дел од наставната програма преку непосредно запознавање на појавите и односите во

---

[1] (Полјак, според Поткоњак и Шимлеша, 1989:174

[2] Поткоњак и Шимлеша

непосредната општествена средина, запознавање на културното наследство и стопанските постигнувања како и рекреативно здравствено воздигнување на ученикот.
Крајната цел на секоја екскурзија е образовно богато и задоволно дете (остварено, мотивирано, сигурно самоуверено, развиена самопочит, среќно).

Истата се конкретизира преку следниве задачи:

- Материјални задачи - рамнотежа помеѓу теоријата и праксата, изучување на содржините во природен амбиент, критичко мислење;
- Воспитни задачи – Усвојување на воспитни вредности, социјализација, морален развој, културна свест;
- Функционални задачи - развој на организациските способности, одговорност, самостојност.

Врз основа на формулираните цели и задачи може да се согледаат клучните квалитети на екскурзијата т.е. истата има:

- придонес кон развојот на организациските способности, самостојност, одговорност;
- им овозможува на учениците да се занимаваат со спорт и рекреација;
- овозможува да се поттикне и интензивира интелектуалното и емоционално доживување на појавите кои се познаваат;
- запознавање на нови извори на знаења, ресурс за истражување и креативност;
- овозможува проширување и продлабочување на знаењата на учениците по одделни области и наставни предмети;
- придонесува за стекнување на квалитетни и трајни знаења;
- придонесува за правилна организација на слободното време на учениците, студентите (спорт и други видови на организирано педагошко дејствување);
- придонесува за социјализација на личноста.

***<u>Видови екскурзии</u>***

Се разликуваат повеќе видови на екскурзии. При нивната поделба се поаѓа од повеќе критериуми. Најчесто се делат според:

- *местото на изведба* - екскурзии во природа, парк, градина, селско стопанство, фабрика, институција, музеј, изложба;
- *содржината* - биолошка, зоолошка, ботаничка, еколошка, географска, историска, мешовита и сл;
- *траењето* - едночасовна, двочасовна, полудневна, дневна, повеќедневна;
- *методичката намена* - воведна, истражувачка, илустративна, мешовита;
- *логичкиот пат на сознанието* - аналитичка, синтетичка, аналитичко-синтетичка, описна, развојна, компаративна;
- *бројот на ученици* - цело одделение, збир на ученици, одделни ученици;

Постои и една друга поделба на екскурзиите согласно целта и задачите:

- *наставни со општ образовен карактер* - овозможуваат утврдување, проширување, усвојување на нова наставна материја. Реализацијата на овие екскурзии се предвидени во годишниот план и програма за работа на училиштето;
- *екскурзии за забава и рекреација*, наменети за културно-уметничко формирање на личноста;
- *комбинирани.*

Екскурзиите се изведуваат во согласност со Законите за основно, средно образование и во согласност со Правилниците за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните, средни

училишта, со кои се пропишува начинот на изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците. (пр. Закон за основно образование предвидени се со член 34 став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10 и 116/10). Најчесто се изведуваат мешовити екскурзии на кои се стекнуваат нови знаења, се запознава новото градиво, а се донесува и материјал за проучување.

Без оглед на видот на екскурзијата секоја екскурзија подразбира постоење на конкретна и јасно дефинирана цел, содржина на програмата, интинерер (маршрута) и очекуван резултат. Квалитетот на екскурзиите во голема мера зависи од координацијата на низа заинтересирани, инволвирани страни т.е. управата на училиштето, инволвираните наставници во изведба на екскурзијата, учениците, родителите, туристичките водичи, вработените во културно - образовните и разни други институции каде се реализира екскурзијата, хотелско - угостителскиот персонал, врсниците.

Образовниот аспект на екскурзиите од општ образовен карактер е примарен. Образовните содржини се функција на остварување на наставните програми. Овозможуваат стекнување, проширување, продлабочување на знаења, умеења, формирање на ставови, развој на вештини и вредности во опуштена, релаксирана атмосфера, но не опуштеност во смисла на пасивност, но подразбираат активен креативен и емоционален однос кон она што се учи или она за кое се учи, т.е реализација на т.н. 3–те Е комоненти: Entertainment - забава, Excitement - возбуда, Education - образование.

Реализацијата на истите поминува низ неколку фази и тоа:

- *Подготовката на екскурзијата во рамки на која се* одредува целта и задачите на екскурзијата; се одредува наставната единица која ќе се обработува; се одредува времето за реализација на екскурзијата; се одредува местото на екскурзијата; се изведува претходна посета на наставникот на тоа место со цел елиминирање на негативностите кои можат да се јават при посетата на истото; разговор со стручни лица; одредување на план за собирање на податоци; одредување на непосредните задачи кои треба да се реализираат на самата екскурзија; запознавање на учениците со планот на екскурзијата за кој тие мора да поразговараат со своите родители; обраќање на внимание на потребната дисциплина и убавиот однос за време на екскурзијата; одредување на одделните задачи за различните групи на ученици; упатување на учениците на начинот на бележење, во каква форма треба да биде, кога и на кој начин; запознавање со времето и правецот на движење на учениците; запознавање на родителите со што се овозможува зголемување на значењето на самата екскурзија; низа на методски, организациони, технички и други поединости во врска со програмот на екскурзијата.
- *Изведба на екскурзијата* – Изведбата на екскурзијата се однесува на *остварување не целта и задачите; собирање на информации и документација.* Овој дел во голема мера зависи од одговорноста и обврската на наставникот, кој со својата педагошка умешност треба да го одржи вниманието на учениците и да создаде услови за ефикасна работа, како и од одговорноста и активноста на самите ученици, доколку претходно добро се подготвени за реализација на самата истражувачка работа
- *Завршен дел - Работа во училницата по завршување на екскурзијата.* Работата започнува со разговор во врска со реализираната екскурзија. Во тој разговор се опишува екскурзијата и сопствените доживување со цел воспоставување на позитивна емоционална клима за обработка на наставната содржина; известување од страна на учениците, нивната индивидуална или групна работа, врз основа на набележаното, а поврзано со доделените задачи; анализа на реализираниот план; систематизација на

стекнатите знаења; средување на собраниот материјал; проверка на резултатот од наставниот процес.

***Спортско - рекреативни екскурзии***

Познатата изрека „mens sana in corpore sano", укажува на непобитниот факт за значењето на спортот и спортските активности за збогатување и заштита на вредностите на сите генерации. Спортот и образованието претставуваат незаменлив мост помеѓу духот и телото, помеѓу природата и човекот. Зачувувањето на здравјето како клучна темелна вредност на човековиот живот не може да се замисли без спортот и рекреацијата. Во сите периоди од човековиот живот, спортот и спортските активности имаат огромно влијание врз развој во сите сегменти, одржувањето и унапредувањето на здравјето, развојот на моторичките способности, одржувањето и подобрувањето на менталните капацитети, одржувањето на емоционалната рамнотежа, социјалните контакти и формирање на моралните особини, односно одржување на севкупната благосостојба на човекот.

Образовно воспитната функција на спортско – рекреативните активности е повеќестрана:

- Придонесуваат за оптимизација на психосоматскиот статус на човекот: обезбедуваат складен физички развој и одржување на функцијата на органите и организмот на оптимално ниво;
- Придонесуваат кон општофизичкиот развој и навремено усвојување на широк спектар на моторички движења, разновидни моторички знаења и навики значајни во секојдневниот живот, работа, слободно време; подобрување на моторичките способности.
- Придонесуваат за развивање на позитивни особини на личноста: упорност, издржливост, дружељубивост, толерантност, меѓусебно разбирање и соработка;
- Придонесуваат за емоционалната стабилност, социјалната интеракција и комуникација. Позитивните емоции, пријатните доживувања, доброто расположение, дружењето, помагањето, тимската работа се синоними за речиси сите спортски активности;
- Помагаат за подигање на свеста за значењето и улогата на спортот, рекреацијата и физичката активност за животот на човекот;
- Развивање на знаења и способности за саморекреација т.е совладување и усвојување на одреден број на модели на програми на спортска рекреација кои по својата цел, намена, содржини најмногу одговараат на објективните и субјективни потреби на секој поединец и кои тој може самостојно систематски да ги изведува.

**Спортските активности и спортско – рекреативните екскурзии на универзитетите**

Екскурзиите од општ образовен карактер, спортско рекреативните екскурзии се изведуваат во основното и средно образование. Но, што се случува во високото образование? Дали и колку спортот, спортските активности и спортско – рекреативните екскурзии се застапени на универзитетите, колку често се изведуваат со студентите од различните студиски програми во високото образование?

Почнувајќи од системот на предучилишото воспитание, преку основното и средното образование, спортот на универзитетите претставува логична последица во институионалниот систем на спортското воспитание на младите. Во контекст на ова физичкото воспитание како извор на позитивни промени во развојните карактеристики од раното детство до доцната тинејџерска возраст, преку периодот на зрелост и она што значи процес на доживотно учење како свој императив го има формирањето на т.н „физички едуцирана личност", односно личност која има усвоено способности за вклучување во бројни физички активности кои и овозможуваат одржување на

здравјето и благосостојбата во тек на целиот животен век; која редовно се вклучува во одредени физички активности бидејќи се пријатни и ужива во истите; и ги разбира вредностите на физичката активност и придобивките од активниот и здрав начин на живот.[3] Во насока на оваа определба и согласно она што е презентирано во Белиот документ за Спорт на Комисијата на Европските Заедници „Вредностите кои се добиваат преку спортот помагаат во развој на знаењето, мотивацијата, способностите и подготвеноста за лични постигнувања. Времето поминато во спортски активности во училиштата и на Универзитетите овозможува здравствени и едукативни придобивки кои треба да се подобрат (European Communities 2007).[4] Ова значи дека спортот и физичкото образование имплементирани во образовниот систем се отскочна даска за вклучување во спортот и физичка активност во тек на целиот живот. Оттука, спортот и спортските активности, вклучувајќи ги и спортско рекреативните екскурзии имаат огромно значење за развојот на младите.

На универзитетите спортот и спортските активности се реализираат во неколку форми. Земајќи го Универзитетот „Гоце Делчев“ како матична институција на авторите, но и согледувајќи ги искуствата од другите универзитети во Република Македонија, спортот на универзитетите е застапен како задолжителен предмет „Спорт и рекреација“ задолжителен за студентите во прва година на сите факултети[5][6]; физичко образование како задолжителен предмет во студиските програми на некои од факултетите; организирани спортски активности за студентите од сите студиски години по избор на студентите; студентски натпревари во различни спортови меѓу факултетите на ниво на универзитет, меѓууниверзитетски натпревари на државно и меѓународно ниво.

Но, што се случува со спортско- рекреативните екскурзии како форма на наставна работа? Дали и колку тие се реализираат на универзитетите? За да одговориме на поставеното прашање реализиравме мало истражување со студенти во високото образование.

**Метод на работа**

Со цел да се утврди дали, колку и како се применуваат екскурзиите на универзитетите, реализиравме истражување кое имаше за цел испитување на моментната состојба која се однесуваше на изведба на различните видови на екскурзии со студентите во високото образование поконкретно со студентите од наставничките факултети. Беше реализирано неструктурирано интервју со студентите од Факултетот за образовни науки. Примерокот беше случаен. Беа интервјуирани 15-ина студенти од прва до четврта студиска година, конкретно 3 студенти од прва година, 4 студенти од втора година, 4 од трета година и 4 студенти од четврта година на студии на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

---

[3] Hartman, K. (2011). Physical education, movement and physical literacy in the 21 century: pupils` competences, attitude and behaviors, *In Proceeding book from 6 th European FIEP Congress, Physical education in the 21st century-pupils competences* (p.p. 15 - 26).

[4] Petry, K., Froberg, K., Madella, A & Tokarski, W. (2008). Higher Education in Sport in Europe. From Labour Market Demand to Training Supply. Meyer &Meyer Sport (Uk).

[5] Popeska, B., Janevik-Ivanovska, E., Barbareev, K., & Jovanova-Mitkovska, S (2014) Sport and recreation activities at the "Goce Delcev" University Shtip, Republic of Macedonia - differences in students opinions for its realization in dependence on certain characteristics. *In: Proceedings book of 9th FIEP European Congress and 7th International Scientific Congress: Sport, Stress, Adaptation,* 9-12 Oct 2014, (210 - 217) Sofia: National Sport Academy Vaslil Levski, Bulgaria.

[6] Popeska, B., & Jovanova – Mitkovska, S. (2014) Realization of Sport and recreation curriculum at Goce Delcev University. In: Proceeding book at 6 th International Scientific Conference “Modern tendencies in physical education and sport”, 07-08 November, 2014, Sofia University “St Kliment Ohridski”, Sofia, Bulgaria, (pp. 134 - 150), ISSN 1314 – 2275.

**Резултати и дискусија**

Студентите од наставничките Факултети беа интервјуирани во однос на 5 прашања поврзани со екскурзиите на факултетите. Првото прашање се однесуваше на тоа дали во досегашното нивно студирање биле на некоја екскурзија од општо образовен или спортско рекреативен карактер? Одговорот на сите студенти беше идентичен: „Во текот на нивното студирање не биле присутни на ниту една екскурзија и покрај тоа што имало навестувања од некои професори за нејзино организирање.

За тоа дали би сакале да се имплементира овој облик на воспитно - образовна дејност, студентите се согласни дека неопходно е нивно организирање и тоа не само на наставни екскурзии на кои би биле реализирани наставни содржини од повеќе наставни области, но пред се екскурзии кои би биле со спортско – рекреативен карактер, како и екскурзии за забава и културно запознавање кои организирани од страна на факултетот или Универзитетот, ќе им овозможат на студентите од различни студиски насоки и различни студиски години меѓусебно зближување, запознавање, подобра комуникација, размена на сознанија и искуства, формирање нови пријателства, забава и рекреација, културно збогатување, но и развој на толеранција почит, соработка.

Во однос на бројот на екскурзиите во текот на студирањето, интервјуираните студенти сметаат дека е потребно организација на најмалку две екскурзии во текот на годината и тоа најмалку во времетраење од 5 дена, организирани не само во Р. Македонија, но и надвор од неа.

Прашани за тоа дали организацијата на овие екскурзии треба да е комплетно во надлежност на факултетот или студентите може да се вклучат во организацијата на истите, студентите сметаат дека и тие можат и посакуваат да бидат дел од севкупната организација, односно може да се приклучат во организацијата и подготовката на екскурзиите во насока на обезбедување на поевтини аранжмани, соработка и контакт со туристичките агенции, изнаоѓање на спонзорства, помош или сугестии при изборот на местата на реализација на екскурзиите имајќи ги предвид интересите на студентите, помош во организација на културно – забавните активности на студентите за време на екскурзиите и слично.

Последното прашање се однесува на мислењето на студентите и нивни предлози за видовите на екскурзии кои сакаат да се организираат од страна на факултетот и универзитетот. Од еднодневните екскурзии студентите се изјаснија за еднодневни посети на значајни културно – историски знаменитости во земјата, посета на образовни институции во земјата, посета на библиотеки, музеи и изложби, еднодневни пешачења во природа, како и еднодневни спортско – рекреативни екскурзии на планина (лето и зима) и покрај езеро (лето). За повеќедневни екскурзии, студентите се определија за настава во природа, неколку дневна посета на културни, археолошки и историски знаменитости во земјата и надвор од неа, посета на факултети и други универзитети надвор од државата со цел запознавање на колеги од сродни факултети и размена на искуства, планинарење организирано во летниот период, организирање на неколкудневни екскурзии и настава во скијање и зимски спортови во зимскиот период и идентично настава во пливање и спортови на вода во летниот период и сл.

**Заклучок**

Одговорите од студентите во однос на петте прашања од интервјуто кои се однесуваа на тоа дали, колку и како се применуваат екскурзиите на универзитетите, несомнено укажуваат на интересот на студентите за организирање и учество во ваква форма на активност во текот на студиите иако досега тоа не било случај. Согласно

мислењата на студентите, треба да се организираат најмалку две екскурзии во текот на годината и тоа најмалку во времетраење од 5 дена. Истите треба да се со различен карактер, вклучувајќи ги екскурзиите на кои би биле реализирани наставни содржини од повеќе наставни области, екскурзии со спортско – рекреативен карактер, екскурзии за забава и културно запознавање и сл. Студентите сметаат дека активно може да се вклучат во различни фази од подготовката, организацијата и реализацијата на екскурзиите и на таков начин да овозможат истите да бидат поблиску до интересите желбите на студентите.

Добиените резултати укажуваат дека екскурзиите како форма на работа не се застапени на Универзитетите и факултетите иако има огромна потреба, но и можност за реализација на истите. Нивното реализирање би имало голема вредност и значење, не само образовно, но и значење во смисла на развивање на пријателства, контакти, стекнување на сознанија и искуства значајни за натамошниот живот. Имајќи ја предвид улогата на Универзитетите во конечното формирање на личноста на младиот човек, никако не смее да се запостави и заборави воспитно – образовното значење и вредноста на екскурзиите. Оттука, универзитетите и факултетите потребно е да разработат посебни програми, односно концепции за вклучување на екскурзиите како задолжителни активности во рамките на студиските програми и формите на практична работа на факултетите.

Ова особено е значајно за студентите на наставничките факултети каде од една страна студентите преку различните форми на екскурзии ќе ги збогатуваат, надоградуваат и интегрираат веќе стекнатите знаења, ќе стекнат нови сознанија и културни вредности, но од друга страна што е уште позначајно ќе се оспособат за самостојно осмислување, планирање, организирање и реализација на екскурзии, што претставува составен дел од нивната идна професија. Оттука, екскурзиите за студентите на наставничките факултети не се само форма за лична надградба, развој и збогатување на студентите - идни наставници, туку и форма оспособување за нивна ефикасна работа во иднина.

**Користена литература**


1. Јованова – Митковска, С., Цацков, К. (2013) *Методика на наставата по природа и наставата по општество*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“. **ISBN**: 978-608-4708-07-0.
2. Hartman, K. (2011). Physical education, movement and physical literacy in the 21 century: pupils` competences, attitude and behaviors, *In Proceeding book from 6 th European FIEP Congress, Physical education in the 21$^{st}$ century-pupils competences* (p.p. 15 - 26).
3. Крнета, Љ. (1975) Педагогија, Београд
4. Petry, K., Froberg, K., Madella, A & Tokarski, W. (2008). *Higher Education in Sport in Europe.* From Labour Market Demand to Training Supply. Meyer &Meyer Sport (Uk).
5. Poljak, V. (1982*). Didaktika*, Zagreb, Školska knjiga.
6. Popeska, B., Janevik-Ivanovska, E., Barbareev, K., & Jovanova-Mitkovska, S (2014) Sport and recreation activities at the "Goce Delcev" University Shtip, Republic of Macedonia - differences in students opinions for its realization in dependence on certain characteristics. *In: Proceedings book of 9th FIEP European Congress and 7th International Scientific Congress: Sport, Stress, Adaptation,* 9-12 Oct 2014, (210 - 217) Sofia: National Sport Academy Vaslil Levski, Bulgaria.
7. Popeska, B., & Jovanova – Mitkovska, S. (2014) Realization of Sport and recreation curriculum at Goce Delcev University. In: Proceeding book at 6 th International Scientific Conference “Modern tendencies in physical education and sport”, 07-08 November, 2014, Sofia University “St Kliment Ohridski”, Sofia, Bulgaria, (pp. 134 - 150), ISSN 1314 – 2275.
8. Поткоњак, Н. (1987) *Педагогија за трећугодину Педагошке академија*. Београд: Завод за уџбенике.
9. Šimleša, P. (1955). *Metodika I,* Zagreb: Pedagoško književni zbor.